# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 13 | петок, 17 октомври 2025 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk

## С о д р ж и н а

### Градоначалник на Општина Струмица:

**Рег.бр.** **Стр.**

**417.Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 56-та седница на Советот на општина Струмица .....................................................................................................................**2**

### Совет на Општина Струмица:

**Рег.бр** **Стр.**

**418.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 6392, во КО Вељуса................**3**

**419.Одлука** Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 3455, во Куклиш вон гр. …......**3**

**420.Одлука** Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - куќи во состав на селски стопански двор на дел од КП 1891, КО Просениково, општина Струмица........................................................**3**

**421.Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица..........**4**

**422.Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година ………..................**5**

**423. Програма** за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во Општина Струмица за 2025/2026 година во зимски услови..........................................**5**

**424.Заклучок** за усвојување на Анекс на Годишна програма за работа на СОУУД „Димитар Влахов" Струмица во учебната 2025/2026 година........................................**12**

**417.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ 202/24) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 57-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 57-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 14.10.2025 година и тоа:

1. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 6392, во КО Вељуса, бр.08-7439/1 од 15.10.2025 година;
2. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 3455, во Куклиш вон гр. , бр.08-7440/1 од 15.10.2025 година;
3. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - куќи во состав на селски стопански двор на дел од КП 1891, КО Просениково, општина Струмица, бр.08-7441/1 од 15.10.2025 година;
4. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица, бр.08-7442/1 од 15.10.2025 година;
5. Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година, бр.08-7444/1 од 15.10.2025 година;
6. Програма за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во Општина Струмица за 2025/2026 година во зимски услови, бр.08-7445/1 од 15.10.2025 година;
7. Заклучок за усвојување на Анекс на Годишна програма за работа на СОУУД „Димитар Влахов” Струмица во учебната 2025/2026 година, бр.08-7446/1 од 15.10.2025 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-7447/2 Општина Струмица
17.10.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

....................................

**418.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 6392, во КО Вељуса**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за КП 6392, во КО Вељуса, СТАНБЕНА КУЌА со висина П (приземје), со земјиште заведено во ИЛ бр.1114 КО Вељуса, во сосопственост на Витанов Бранко, Витанов Ристо од Струмица и Витанов Тушо од с.Вељуса, а која парцела согласно согласно УПС Вељуса се наоѓа вон ОПФАТ.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-7439/1 Совет на општина Струмица
15.10.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**419.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 3455, во Куклиш вон гр.**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за КП 3455, во Куклиш вон гр., СТАНБЕНА КУЌА со висина По+П (подрум и приземје) и ПОМОШЕН ОБЈЕКТ со висина П (приземје), со земјиште заведено во ИЛ бр.522 Куклиш вон гр., во сопственост на РСМ, а која парцела согласно согласно УПС Куклиш се наоѓа вон ОПФАТ.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-7440/1 Совет на општина Струмица
15.10.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**420.**

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе:

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - куќи**

**во состав на селски стопански двор на дел од КП 1891, КО Просениково, општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - куќи во состав на селски стопански двор на дел од КП 1891, КО Просениково, општина Струмица.

Предметниот проектен опфат е составен од две градежни парцели означени во постоечката планска документација со ГП 1 и ГП 2.

Градежните парцели ја зафаќат катастарската парцела со КП 1891, КО Просениково, општина Струмица во сопственост на Стојанов Душан. Површината на градежниот опфат се утврдува на 1479.36 $m^2$. Границата на градежниот опфат е определен со границите на КП1891, КО Просениково.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Маја Јанковска д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), даде стручно мислење за утврдување на **Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - куќи во состав на селски стопански двор на дел од КП 1891, КО Просениково, општина Струмица** со тех.бр.079-2706/2025 од 2025 година изработен од ДПГИ ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на **Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - куќи во состав на селски стопански двор на дел од КП 1891, КО Просениково, општина Струмица** со тех.бр.079-2706/2025 од 2025 година изработен од ДПГИ ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица и се состои од:

-текстуален дел,

-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Струмица".

Бр.08-7441/1 Совет на општина Струмица
15.10.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 421.

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица", бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе:

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица.

Предметниот проектен опфат е составен од една градежна парцела означена во планската документација со ГП 13.24-13.25.

Градежната парцела ги зафаќаат катастарските парцели со КП5818/1, КП5818/2, КП5818/3, КП5818/4, КП5817/5, КП5819, КО Струмица, општина Струмица во сопственост на „Моноградба ИНГ" ДООЕЛ Струмица. Површината на градежниот опфат се утврдува на 691,07$m^2$. Границата на градежниот опфат е определен со границите на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Маја Јанковска д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), даде стручно мислење за утврдување на **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица** со технички број 03-197/2025 од јули 2025год., изработен од ДПТУИ „Идеа-Консалтинг“ ДООЕЛ Струмица.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица** со технички број 03-197/2025 од јули 2025 год., изработен од ДПТУИ „Идеа-Консалтинг“ ДООЕЛ Струмица и се состои од:

-текстуален дел,

-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Струмица”.

Бр.08-7442/1 Совет на општина Струмица
15.10.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 422.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 101/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.202/24 ) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.17/24, 1/25, 4/25, 5/25, 6/25, 8/25 и 9/25), се врши следното дополнување:

I.Во Програмата **Ф1 –Урбанистичко планирање**

Во глава **II. Детални урбанистички планови во градот самофинансирање**, во табелата по реден број 57 се додава:

| **Р.б.** | **Објект** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 58. | **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УБ 30, УЕ 7, со плански опфат помеѓу улиците Ванчо Прке, Скопска, Герас Цунев, Кочо Рацин и Херој Карпош** | Самофинансирање |

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-7444/1 Совет на општина Струмица
15.10.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 423.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 255/24 и 101/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на

седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за одржување на улиците во град Струмица и населени места, како и локалните патишта во Општина Струмица за 2025/2026 година во зимски услови**

**Општ дел**

Согласно член 1, 2 и 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44,15, 147/15 и 31/16 и Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.122/21), се носи Програма за зимско одржување.

Со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржување на улиците во гр. Струмица, како и општински патишта во општина Струмица, опфатени со Основниот урбанистички план, во зимски услови во сезоната 2025/2026 година.

Програмата има за цел да предвидат активности за ефикасно организирање и функционирање на сите правни и физички лица, преку :

- определување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
- дефинирање на работите и обврските за сите учесници за нејзина реализација; и
- определување на потребните финансиски средства.

**– Организациона поставеност на учесниците**

Преку организационата поставеност ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

**2.1. Сектор за урбанизам и комунални работи, при општина Струмица**:

- Изготвува Програма;
- организира зимска служба;
- врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- го известува Градоначалникот на Општината, Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување и Регионален центар за управување со кризи да ја вклучи механизацијата на ГП кога ЈПКД “Комуналец” не е во состојба да одговори на задачите на Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските служби и обврските на учесниците.

**2.2. ЈПКД “Комуналец” Струмица:**

- реализира Програмата за функционирање на зимската служба;
- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови;
- одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Општина Струмица набавува, а ЈПКД “Комуналец” обезбедува чување и складирање како и растурање на сол и песок и други материјали;
- ги подготвува возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови:
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразнатицата од коловозните површини;
- ја оспособува атмосферската канализација - шахти и сливници за прифаќање на вишокот од води при топење на снегот;
- води целосна документација за зимската служба;
- доставува распоред на лица за приправност со податоци за работната рака и механизацијата секој месец однапред;

- врши редовно тековно одржување на возилата и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

**2.3. Други учесници**

**2.3.1.Градежна оператива**

Механизацијата на градежните претпријатија ги ангажира општина Струмица. Механизацијата на градежните претпријатија ја сочинуваат: грејдери; утоварачи; ТМВ со плуг и распрскувачи на сол и/или град.гранулација, ТМВ без плуг, трактори со плуг и распрскувачи на сол и/или град.гранулација и ТМВ за носење на снег до местата определени за депонирање на снег. По потреба ќе се ангажираат и други машини. Расчистувањето со оваа механизација ќе се врши според плановите - шемите за расчистување на сообраќајниците во градот и локалните патишта. Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води Секторот за комунални работи и урбанизам при општина Струмица - Одделението за комунални работи преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

Во зимската служба покрај ЈПКД "Комуналец" при пообемни врнежи на повик на Дирекцијата за заштита и спасување ќе се ангажираат градежни фирми со потребна механизација за чистње на снег од улиците на Општина Струмица.

**2.3.2. СВР - Сообраќајна полиција** при Одделението за безбедност, го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за поефикасно оспособување на сообраќајниците.

**2.3.3. ЈПКД "Комуналец" – "Чистота" и "Градско зеленило"**

- покрај своите редовни активности врши расчистување на снег на пристапите до контејнерите и околу нив;
- ги расчистува пешачките зони и тротоарите во централното градско подрачје;
- врши сечење и отстранување на паднати дрвја и гранки од коловозите и тротоарите;
- го расчистува снегот од поважните стази во гробиштата и пред капелата;
- контрола врз работата на "Комуналец"- "Чистота" врши Оделението за инспекциски работи при Општина Струмица.

**2.3.4. ЈПКД "Комуналец"- Канализација со изградба:**

- ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини на вода во зимски услови и со цистерни ја отстранува водата во случај на избивање на канализација во куќи;
- контрола врз работата на "Комуналец"- Водовод и канализација врши Оделението за инспекциски работи при Општина Струмица .

**2.3.5. "Електро-Струмица"** ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроп-инсталации и објекти.

**2.3.6. Македонски телекомуникации** ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

**2.3.7. Претпријатијата, заедниците и граѓаните** чии објекти и простории се користат од страна на граѓаните (пазаришта, бензински пумпи, паркиралишта и слично, преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразицата од овие објекти и простории.

**2.3.8. Претпријатијата, училиштата, заедниците и граѓаните** - сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.3.9. ЈП „ПАРКИРАЛИШТА" - Струмица** ги превзема потребните активности за расчистување на

паркираните возила по сообраќајните површини (коловози и пешачки патеки) на кој не може да се пристапи за чистење на снегот и помага при извлекување на возила кој се затрупани од снежни наноси.

Граѓаните, односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбените објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите-патеките и приодните места пред своите станбени објекти.

Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградата на начин што ќе обезбеди непречен сообраќај.

**Обем на одржување**

Обемот на одржување на улиците во градот зависи од:

- густината на населеноста на делови од градот;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- видот и бројот на инфра-структурните објекти.

Коловозните површини за оспособување на ниво на градот се 38.750 (м') и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа.

**Приоритетна листа за зимско одржување на улиците во градот и локалните патишта во општина Струмица**

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во гр. Струмица во зимски услови при врнежи на снег и голомразица неопходно е зимско одржување.

Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од атмосферската канализација.

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 4 приоритетни групи на одржување.

**П р и о р и т е т**

Во I-ва приоритетна група спаѓаат сите приодно - влезни улици во градот, централните улици со голем интензитет на сообраќајот, улици кои го поврзуваат административниот центар. Управата за внатрешни работи, амбулатно-поликлиничките установи и автобуската станица.

Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот и Општината.

Тоа се булеварите и улиците:

1.Ул.”Ленинова”................... 2 x 1200 = 2.400 м’
2.Бул.”Маршал Тито”............2 x 400 = 800 м’
3.бул.”Гоце Делчев” .......... 2 x 600 = 1.200 м’
4.ул.”Балканска”.......................................500 м’
5.ул.”Маршал Тито”.............................. 3.250 м’
6.ул.”Дим.Влахов”................................ 250 м’
7.ул.”Младинска”.................................. 2.250 м’
8.ул.”’Братство Единство”...................... 700 м’
9.ул.”Панче Пешев”................................. 750 м’
10.ул.”Сандо Масев”................................ 200 м’
11.ул.”Невена Стојкова”.......................... 230 м’
12.ул.”Вера Циривири-Трена” .................300 м’
13.ул.”Стив Наумов”.................................700 м’
14.ул.”Дрварска”.......................................300 м’
15.ул.”24-ти Октомври”.............................300 м’
16.ул.”Гоце Делчев” ................................200 м’
17.ул.”5-ти Ноември” ............................. 600 м’
18.ул.”Елка Јанкова” ................................350 м’
19.ул. ”Спиро Захов” - од ул. “М.Тито” до Одделенито за неврологија и Психијатрија..................................... 300 м’

20.ул.”Ѓорги Василев”............................. 300 м’
21.ул.”Благој Мучето”(рачно чистење)..... 350 м’
22.ул. „Кирил и Методи”............................ 600 м’
23.ул. „Моша Пијаде” од пресекот на
24.ул. „Невена Стојкова” до пресекот со
25.ул. „Ванчо Китанов” ...................... 200 м’
26.ул. „22-ри Декември” ....…….......….....…300 м’
27.ул. „Никола Тесла”……….........…....... 250 м’
28.ул. „11–ти Октомври” ……...............… 650 м’
29.ул. „Браќа Миладинови” ...................…. 700 м’
30.ул. „Герас Цунев” …………….............… 350 м’
31.ул. „4-ти Јули”……………….…............... 200 м’
32.ул. „Орце Николов”………..................…. 200 м’
33.ул. „Ванчо Прке“ ....................................200 м’
34.ул. „Атанас Јанев...................................900 м’
35.ул.Мајка Тереза .....................................450 м’

---

**Вкупно: .................................... 21. 980 (м’)**

Во првата приоритетна група на одржување, спаѓа и одржувањето на плоштадот „Гоце Делчев“ во површина од 7200 ($м^{2)}$

Во првата пророритетна група на одржување спаѓаат и општинските патишта: Струмица - Просениково, Струмица - Гр.Балдовци, Струмица - Добрејци, во вкупна должина од 12,5 (км), како и Муртино - гробишта - Муртино, Муртино - Сачево, Сачево до Магистрален пат во вкупна должина од 5 (км) и Муртино – Банско (6 км).

Улица од крстосница (поранешен регионален пат Р — 608) - Завод за рехабилитација до објектот на Шумското стопанство во должина од 2.000 (м). во с.Банско, Костурино - Дорломбос од 9 (км). - Мемешли во должина од 2 (км). од регионален пат Р—1402 до училиштето во с.Габрово во должина од 500 (м).

Куклиш: од регионалниот пат до Основното училиште и регионалниот пат до црквата.

За нивно одржување Секторот за комунални работи и урбанизам, при општина Струмица некои од оперативите што имаат можност тоа да го реализираат.

**П р и о р и т е т**

Во II — приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улиците со посебен интензитет на сообраќај. Тие ги поврзуваат улиците од првиот приоритет или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот од пооделни реони на градот.

Со расчистување на улиците од првиот и вториот приоритет, сообраќајот во градот може несметано да се одвива во сите правци и во сите реони на градот. Такви улици во градот се:

1.ул. “Ѓуро Салај”................................ 700 м’
2.ул. ”Моша Пијаде” ............................ 400 м’
3.ул. ”Ѓуро Ѓаковиќ”.............................. 600 м’
4.ул.”Дојранска”................................ 200 м’
5.ул. 15-ти Мај”..................................200 м’
6.ул.”Кр.Република”.........................2 000 м’
7.ул.”Ристоман Попчевски”.............. 400 м’
8.ул. ”Дим.Цветинов”..........................270 м’
9.ул.”Боро Џони”................................200 м’
10.ул.”Ристо Ќурчиев”........................250 м’
11.ул.”Ценка Павлова”...................…150 м’
12.ул.”Ката Поцкова”....................... 550 м ’
13.ул.”1-ви Мај”..................................370 м’
14. ул”Бетовенова”………..…………500 м’

---

**Вкупно: .......................………… 6.790 (м**’)

Улици во населени места:

**Муртино:**

Манушева Маала, Бансколиева Маала, Грозданова Маала и од Поштата до чешмата во Чифликот.

Габрово: Главната улица што води кон црквата.

Свидовица: Од Регионалниот пат до центарот на Свидовица.

Банско: Од Завод за заштита и рехабилиитација до Црква

**П р и о р и т е т**

Во овој приоритет спаѓаат улиците со помал интензитет на сообраќај. Се работи за собирни улици на блоковите. Покрај нив нема некои поважни објекти од административен, здравствен или јавен карактер. Такви улици се:

1. ул.”Ванчо Китанов”......................... 500 м’
2. ул.”Васил Сурчев”........................... 400 м’
3. ул.”Жртви на фашизмот”................ 320 м’
4. ул”Јанко Цветинов”.......................... 400 м’
5. ул”Киро Минанов”............................ 100 м’
6. ул”Иљо Шопов”............................... 600 м’
7. ул”Борис Поп-Димитров”................. 400 м’
8. ул.”Широк Дол”.................................. 300 м’
9. ул.”Киро Абрашев”........................... 600 м ’
10. ул”Пиринска”.................................... 260 м’
11. ул”Дебарска”.................................... 150 м’
12. ул.Локален пат до „Цареви кули“...........7.300 м’

**Вкупно: ........................................ 11.330 (м’)**

**IV. П р и о р и т е т**

Во овој приоритет спаѓаат сите останати улици во градот по кои се одвива мошне слаб сообраќај и претставуваат кракови и џебови на улици од предходните три приоритети или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.

**V. Динамика и ниво на одржување**

Оспособувањето на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојбата на присуство на голомразици или снежни врнежи до 20 (см) (прва состојба на готовност);
- состојба на голомразица и снежни врнежи над 20 см (втора состојба на готовност).

Оспособувањето, (расчистувањето) на коловозните површини во првата состојба на готовност го врши ЈПКД “Комуналец”, а во втората состојба на готовност ЈПКД “Комуналец” со градежната оператива согласно договорените обврски.

Во првата состојба на готовност ЈПКД “Комуналец” со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства, врши оспособување на коловозните површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајниците од првата приоритетна листа. Градежната оператива го расчистува делот од околните патишта до населените места од општина Струмица. Согласно член 22 од Законот за јавна чистота сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 6 (шест) часа, сметано од моментот на почнување на снежните врнежи. При тоа, булеварите ќе бидат оспособени за сообраќај и на двете коловозни линии.

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Во втората состојба на готовност ЈПКД "Комуналец" заедно со градежните оперативи врши оспособување на коловозните површини од првата приоритетна група, а потоа продолжува со другите две приоритетни листи и тоа прво ќе се расчистат сообраќајниците од првата приоритетна листа до населените места, а потоа ќе се продолжи со улиците од втората и третата приоритетна листа.

**VI.Локација за депонирање на снегот е коритото на реката Струмица и тоа:**

1. Покрај мостот на патот Струмица - Просениково; и
2. Покрај мостот на патот Дабиле – Петралинци

**VII. Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на зимската служба:**

Финансирањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе се вршат од средствата предвидени во Буџетот на општина Струмица.

За реализацијана оваа Програма потребно е да се обезбедат ................................ 1.600.000 денари и тоа:

- За набавка на индустриска сол пакувана во вреки.........500.000 ден.
- Средства за ангажирање механизација и работна рака....... ............................1.100.000 ден.

**VIII.**Табеларен приказ на утврдени износи на изведувачи за ангажирана механизација, опрема и работна рака при реализација на зимското одржување во општина Струмица

| Ред. бр. | Механизација/работна рака | Износ (ден./час) |
|---|---|---|
| 1 | ТМВ со плуг за чистење снег | 3850,оо |
| 2 | ТМВ со плуг за чистење снег и распрскувач на сол и/или град.гранулација | 4180,оо |
| 3 | ТМВ без плуг | 3300,оо |
| 4 | Трактор со плуг за чистење снег | 2530,оо |
| 5 | Трактор со плуг и расп. на сол и/или град.гранулација | 3080,оо |
| 6 | Трактор со приколка | 2000,оо |
| 7 | Трактор со расп. на сол и/или град.гранулација | 2200,оо |
| 8 | Работна рака | 180,оо |
| 9 | Грејдер | 5500,оо |
| 10 | Утоварач ИЦБ | 4070,оо |
| 11 | Утоварач голем | 4400,оо |
| 12 | Рајдер (мала машина со плуг) | 2420,оо |

**Напомена :** ВО ЦЕНАТА НЕ Е ВКЛУЧЕН ДДВ ОД 18 %.

**IX. Извршување на Програмата и надзор**

Активностите за одржување на сообраќајниците во зимски услови ги реализира ЈПКД "Комуналец" Струмица и други градежни оперативи по Оперативниот план направен од Секторот за комунални работи и урбанизам - Одделение за комунални работи при општина Струмица со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување и Регионален центар за управување со кризи .

За одржување на локалните патишта во зимски услови Општината да склучи договори со оперативата оспособена за одржување на локални патишта.

Надзор врз извршувањата врши надлежниот комунален орган за комунални работи при општината и комуналниот инспектор.

**X.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-7445/1 Совет на општина Струмица
15.10.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**424.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 став 1 точка 29 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Анексот на Годишната програма за работа на СООУД „Димитар Влахов” Струмица за учебната 2025/2026 година**

1.Се усвојува Анексот на Годишната програма за работа на СООУД „Димитар Влахов” Струмица за учебната 2024/2025 година, бр.09-1022/1 од 03.09.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-7446/1 Совет на општина Струмица
15.10.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..